ЗЕЛС
ZELS

# СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ-ЗЕЛС 2018-2030

Оваа публикација е изработена во рамките на регионалниот проект на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија“, финансиски поддржан од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации.

UN WOMEN

# СТРАТЕГИЈА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ-ЗЕЛС 2018-2030

## Содржина


1. Вовед 1

1.1. Појдовни основи и пристап во подготовката на Стратегијата за родова еднаквост 1

1.2. За ЗЕЛС 1

1.3. Претходни постигнувања во областа на родовата еднаквост 2

2. Политика на ЗЕЛС за родова еднаквост 3

2.1. ВИЗИЈА на политиката за родова еднаквост на ЗЕЛС 3

2.2. МИСИЈА на политиката за родова еднаквост на ЗЕЛС 4

2.3. ВРЕДНОСТИ на политиката за родова еднаквост на ЗЕЛС 4

2.4. ЦЕЛИ на политиката за родова еднаквост на ЗЕЛС 4

# 1. Вовед

## 1.1. Појдовни основи и пристап во подготовката на Стратегијата за родова еднаквост

Прифаќајќи ја еднаквоста на жените и мажите како основно право за сите и како суштинска вредност за секоја демократија, работната група за родова еднаквост на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) ја подготви Стратегијата за родова еднаквост 2018-2030. Стратегијата произлегува од националните заложби кон родовата рамноправност, која е загарантирана со **Уставот на Република Македонија**, и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата, но и од меѓународните заложби изразени со **CEDAW-**декларацијата, чија потписничка е и земјата. Со оваа стратегија, ЗЕЛС поддржува воведување и усвојување на родовата интеграција, како што е дефинирана од страна на Економскиот и социјален совет на ОН во 1997 година, во планирањето, како и преземањето дејствија во насока на вклучување на искуствата и на жените и на мажите во стратегиите, политиките, програмите за работа на ниво на општини. Оттука, Стратегијата се состои од родово сензитивни активности и афирмативни акции кои треба да се преточат во акции на ниво на општини и во координација со ЗЕЛС, со цел унапредување на родовата еднаквост на локално ниво. Со Стратегијата за родова еднаквост 2018-2030, ЗЕЛС се стреми кон исполнување на заложбите на **Светската декларација за жените во локалната самоуправа - 1998** (Worldwide Declaration on Women in Local Government), според која одржливи, еднакви и демократски локални власти се оние каде што мажите и жените имаат еднаков пристап до донесувањето одлуки, еднаков пристап до услугите и рамноправен третман на овие услуги. Истовремено, Стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС ја зајакнува улогата на Заедницата како главен промотор на **Европската повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот**[1]**,** како и позициите за промоција на родовата еднаквост на локално ниво[2] на Мрежата на асоцијациите на локалните власти на Југоисточна Европа. Оттука, Стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС 2018-2030 не ја третира родовата еднаквост само како човеково право, туку и како демократска вредност која треба да се применува на локално ниво во сите аспекти на животот: политички, економски, социјален и културен преку интегрирање на родов аспект во сите активности на локалната самоуправа за да се унапреди еднаквоста меѓу мажите и жените; преку подготовка и спроведување на специфични планови за акција, програми и ресурси за унапредување на еднаквоста меѓу мажите и жените.

Стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС 2018-2030 е развиена со Работната група за родова еднавост при ЗЕЛС во периодот февруари- јуни 2018 година[3].

## 1.2. За ЗЕЛС

Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ (ЗЕЛС) е непрофитна организација и единствена национална асоцијација во земјава, во која доброволно членуваат сите 81 единица на локалната власт. Таа е основана на 26 април 1972 година како Заедница на општини и градови и овој датум во Статутот на ЗЕЛС е утврден како Ден на ЗЕЛС и Ден на општините. Во април 1998 година, на конститутивната седница на Заедницата на општини и градови, изгласана е промена на името, кога е утврдено сегашното име, Заедница на единиците на локалната самоуправа на РМ - ЗЕЛС. ЗЕЛС придонесува за развивање на локалната демокра-

1 http://www.ccre.org/docs/charte_egalite_en.pdf

2 http://www.nalas.eu/services/Gender_Policy

3 Процесот на изработка на дванаесетгодишната стратешка рамка за родова еднаквост се одвиваше со техничка поддршка на UN Women – тело на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените во рамките на проектот за Промоција на родово одговорни политики во Југоисточна Европа и Република Молдавија (2016-2018), финансиран од Австриската развојна агенција и Швајцарската агенција за развој. Од страна на UN Women е обезбедена техничка помош преку консултантката д-р Марија Ристеска, за водење на процесот и подготовка на Стратегијата.

тија, за успешно спроведување на децентрализацијата на власта и дава активен придонес во залагањата на локалните власти за влез на нашата земја во Европската Унија и во НАТО.

### Мисија

ЗЕЛС е независна национална асоцијација на сите единици на локалната самоуправа. Таа е посветена на нивниот рамномерен развој, спроведувањето на процесот на децентрализација преку дефинирање заеднички политики, утврдување приоритети, квалитетно извршување на надлежностите и еднакво јакнење на капацитетите на единиците на локалната самоуправа. ЗЕЛС е активен застапник на интересите на локалните заедници пред домашната јавност, централната власт и меѓународните организации.

## 1.3. Претходни постигнувања во областа на родовата еднаквост

ЗЕЛС е главен промотор на Европската повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот, донесена во 2006 година во рамките на проект раководен од Советот на европски општини и региони (ЦЕМР). Во 2007 г. Повелбата е усвоена од Управниот одбор на ЗЕЛС и соодветно проследена до сите општини со препорака за нејзино усвојување. Исто така, во рамките на ЦЕМР е номинирано лице од ЗЕЛС за национален координатор за следење на примената на Повелбата. Во процесот на примената на Повелбата, локалните власти се обврзуваат на подготовка на акциски планови за еднаквост кои ќе ги одразуваат нејзините принципи, приоритети и акции. Исто така, од властите се бара да ги промовираат и спроведуваат во пракса правилата за еднаквост во сите институции и организации на својата територија, потенцирајќи ја еднаквоста на мажите и жените како дел од фундаменталните права и основни вредности на локалната демократија. Заклучно со 2018, Повелбата е усвоена од страна на 20 општини, а согласно со зголемената свесност за родова еднаквост во општините и родовата интеграција во нивните политики, бројот континуирано се зголемува.

ЗЕЛС во континуитет ја потенцира важноста од вклучувањето на жените во работните тела на ЗЕЛС, обезбедувајќи учество на 3 од 6 градоначалнички избрани на последните локални избори како членки на УО на ЗЕЛС, а обезбедено е учество на 3 жени од вкупно шест делегати и заменици во Конгресот на локални и регионални власти во Советот на Европа.

ЗЕЛС е активен партнер на институциите на национално ниво при креирањето на политиките во областа на родовата еднаквост за потребите на локалната самоуправа. ЗЕЛС со свои предлози за директни мерки за поширока промоција на родовите политики на локално ниво дава свој придонес во процесот на подготовка на националните стратешки документи за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање, вклучувајќи ги оперативните планови за нивна реализација. ЗЕЛС исто така придонесува и активно учествува во креирањето на документите и работата на Интер-ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите координирана од Министерството за труд и социјална политика.

ЗЕЛС при планирањето и реализацијата на своите активности, кои се во функција на остварување на утврдените цели и задачи на организацијата, ги консултира политиките за еднаквост и промовира активно вклучување на жените во имплементација на проектите што се во функција на развојот на локалната самоуправа, какви што се проектите Форуми во заедницата, или Проектот за сертифицирање на општини за поволно деловно опкружување - „БФЦ СЕЕ сертификат“.

Воедно, ЗЕЛС ги интензивира активностите во делот на унапредување на родова еднаквост преку соработка со други домашни и меѓународни организации. Во рамките на овие специфични проекти, ЗЕЛС оствари значаен напредок во промоцијата на родовата еднаквост и зајакнување на жените како прашање од надлежност на локалната самоуправа, а кои се во функција на реализација на обврските од ЗЕМЖМ и политиките во делот на остварување на општинските надлежности, обезбедувањето квалитетни услуги за заедницата, вклучително и развојните прашања. Така, преку конкретните активности во рамките на соработката и

поддршката на UN Women во проектот „Зајакнување на капацитетите на локалната администрација и општинските тела за родово одговорни политики  и буџети“, ЗЕЛС придонесе кон зајакнување на капацитетите на општините за промоција и развивање на родово одговорни политики на локално ниво. Реализирани се обуки за 35 претставници на општинската администрација за примена на начелата за родова еднаквост на локално ниво, 56 координатори на советнички групи и советници за родово одговорно буџетирање и политики, во проектот од првата фаза. Во втората фаза се унапредија и дополнија претходно воспоставените активности, така што се обучија 10 преставнички од РГ за родова еднаквост кои треба да придонесат во понатамошна дисеминација на знаењата и научените вештини за родова еднаковост и родово одговорно буџетирање на локално ниво во своите општини, но и во други ЕЛС. Исто така, обука за РОБ и родовите политики беше испорачана на дополнителни 30 советници од општините и околу 30 координатори за родова еднаквост. Беше организирана и работилница на РГ за РЕ со претставници од централните институции и од мрежата за финансиски работилници со цел идентификување на предизвиците при имплементирање на родови политики и РОБ во општините и наоѓање заеднички решенија за надминување на истите.  Беше организирана и завршна конференција на која беа истакнати достигнувањата на ЗЕЛС во областа на РЕ, но и следни активности кои се однесуваат на засилување на соработката со централните ресорни институции, зголемување на промоцијата и свесноста за родовите прашања на локално ниво на сите нивоа.

Имајќи го предвид приоритетот за промоција и примена на ИКТ на локално ниво заради унапредување на квалитетот на услугите што ги нуди општината, намалување на трошоците и зголемување на ефективноста на администрацијата и транспарентноста на општината, а во рамките на услугите што ЗЕЛС ги обезбедува за членките во поддршка на нивната информираност, ефикасна меѓусебна координација и комуникација на општинските координатори и членови на комисиите за еднакви можности на жените и мажите на локално ниво, креирана е интернет-платформата - родови политики и буџетирање во ЕЛС www.rob.zels.org.mk. Изработена од сопствени кадровски ресурси на ЗЕЛС, оваа веб базирана алатка претставува ресурс преку кој секоја општина има можност да ги промовира активностите што ги спроведува во оваа област и која инкорпорира важни документи, литература, како и линкови до други извори на информирање, како и добри пракси од значење на единиците на локална самоуправа за родовото одговорно буџетирање. Дополнувањето, изменувањето и надградувањето на интернет-платформата на ЗЕЛС се  реализира во согласност со потребите на општините и другите релевантни чинители, вклучени во процесот.

ЗЕЛС во изминатиов период активно се вклучи во размената на искуства и добри практики на национално, регионално и меѓународно ниво во областа на родовата еднаквост.

Претставници од ЗЕЛС активно учествуваа на повеќе тематски конференции, дебати и други релевантни настани. Во рамките на меѓународната соработка, ЗЕЛС ја поддржа подготовката и усвојувањето на Политичките позиции за промоција на родовата еднаквост на локално ниво. Исто така, делегации од ЗЕЛС, составени од градоначалници и претставници од општинската администрација, беа во студиска посета на Рејкјавик и Виена, како градови кои имаат остварено најголем напредок во вклучување на родовата перспектива во креирањето и имплементирањето на локалните политики и буџети.

# 2. Политика на ЗЕЛС за родова еднаквост

## 2.1. ВИЗИЈА на политиката за родова еднаквост на ЗЕЛС

Заедницата на единиците на локална самоуправа ја усвојува оваа политика за родова еднаквост со визија да овозможи унапредување на процесот на институционализација на родовата еднаквост во ЕЛС; непосредно да ги унапреди еднаквите можности меѓу девојчињата

и момчињата, мажите и жените на локално ниво; и да промовира развој и усвојување на еднакви вредности и практики.

## 2.2. МИСИЈА на политиката за родова еднаквост на ЗЕЛС

Стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС е сеопфатен документ што ја изразува севкупната политика на Асоцијацијата за остварување на визијата за институционализација на родовата еднаквост во ЕЛС и унапредување на еднаквите можности вклучително и преку промоција на развој и усвојување на еднакви вредности и практики. Мисијата на ЗЕЛС со оваа Стратегија за родова еднаквост е да ги обедини општините за унапредување на родова еднаквост; да дефинира политика за родова еднаквост на локално ниво и да оствари координација на националната политика за родова еднаквост на локално ниво.

## 2.3. ВРЕДНОСТИ на политиката за родова еднаквост на ЗЕЛС

ЗЕЛС го воведува концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, и зголемување на свеста кај општините за корист од воведувањето на родово сензитивните политики и буџети со што ќе се зголеми еднаквоста меѓу мажите и жените.

Стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС воедно **ги промовира следниве вредности:**

**Соработка** – која ќе овозможи учење за родова еднаквост меѓу ЕЛС, но и ќе стане начин на функционирање на општините во оваа област. Во таа смисла ЗЕЛС ќе биде координативната точка на општините за соработка, размена и споделување на добри пракси, искуства и меѓусебно учење за интеграција на родот во процесите на креирање локални политики и буџети.

**Вклучување** - на мажите и жените како засегнати страни во процесот на одлучување и креирање на локални политики (родова еднаквост во донесувањето на одлуките)

**Отвореност**- кон прилагодување на политиките и буџетите на локалните самоуправи да одговараат на потребите на мажите и жените, на девојчињата и момчињата. Отвореноста значи и пристапност на ЕЛС и овозможување да се слушнат различните потреби и интереси на мажите и жените; на момчињата и девојчињата.

**Рамномерен пристап/развој** – односно перцепцијата дека ЕЛС нудат фер третман и на мажите и на жените е еден од најзначајните резултати на процесот на креирање политики и буџетирање.

## 2.4. ЦЕЛИ на политиката за родова еднаквост на ЗЕЛС

Стратегијата за родова еднаквост ќе се спроведува во три фази. Секоја од фазите ќе трае 4 години. Секоја од целите на политиката за родова еднаквост на ЗЕЛС презентирани во оваа стратегија ќе има краткорочни, среднорочни и долгорочни резултати, кои ќе се спроведуваат во трите предвидени фази. Имено, се очекува краткорочните резултати да се постигнат во рамките на првата фаза во периодот 2018-2022 година; среднорочните резултати да се постигнат во рамките на втората фаза во периодот 2022-2026; додека долгорочните резултати да се постигнат во рамките на третата фаза во периодот 2026-2030.

Оваа стратегија има една општа цел: унапредување на родова еднаквост на локално ниво; и четири специфични цели.

**Специфична цел 1: Промоција на родова перспектива во политиките и буџетите**

Доброто локално владеење мора да го интегрира родовиот пристап и да придонесе кон унапредување на родовата еднаквост и социјалната инклузија. Не може да се постигне одржлив развој без да се согледаат различните потреби и интереси на мажите и жените, односно на девојчињата и момчињата. За родова еднаквост на локално ниво да стане реалност,

потребно е да се развијат политики, институционален механизам, ресурси, капацитети и специфични мерки, активности и програми. Во Македонија од 2008 година се спроведува Законот за еднакви можности кој ги обврзува сите јавни установи да усвојат родово специфични политики, буџети, да воспоставаат институционална структура и изградат капацитет за нивно спроведување. Заедницата на единиците на локалната самоуправа на РМ се заложува да ги следи, изучува, споделува и промовира посебните напори за родова интеграција во политиките и буџетите на секоја од нејзините членки и воопшто да работи на промоција на родовата перспектива во политиките и буџетите.

<u>**Краткорочни резултати (2018-2022)**</u>

- Подигната свест за родова еднаквост на локално ниво за 20%
- Оперативна веб-платформата за родова еднаквост на ЗЕЛС прерасната во ресурсен центар

<u>**Среднорочни резултати (2022-2026)**</u>

- Прирачник со насоки и листи за проверка за комуникација на родовата еднаквост на локално ниво
- Индекс на родова еднаквост објавен на секои две години

<u>**Долгорочни резултати (2026-2030)**</u>

- Лоби-група на градоначалници за родова еднаквост на локално ниво
- 50% зголемена свесност за родова еднаквост на локално ниво
- 80% од општините ја усвоиле Европската повелба за родова еднаквост во локалниот живот

**Специфична цел 2: Зајакнување на улогата на локалната родова машинерија во креирањето на политиките и буџетите на локално ниво**

Родовата машинерија ефективно и ефикасно ќе спроведува политики на родова еднаквост на локално ниво и ќе креира родово одговорни политики и буџети само доколку располага со соодветни капацитети, знаење и искуство. Поради тоа, ЗЕЛС се заложува да ја зајакне улогата на локалната родова машинерија и да ги координира напорите за градење капацитети за креирање на родово одговорни политики и буџети на локално ниво.

<u>**Краткорочни резултати (2018-2022)**</u>

- Е- обука за родово одговорни политики и буџети на локално ниво
- Програма за обука на ЗЕЛС за родова еднаквост
- Методологија за анализа на потребите од обука за родова еднаквост
- Сертифицирање на обуката за родова еднаквост на ЗЕЛС

<u>**Среднорочни резултати (2022-2026)**</u>

- Платформа за менторирање на вработени во ЛС во полето на родова еднаквост
- Центар за извонредност за родово одговорни политики и буџети на локално ниво

<u>**Долгорочни резултати (2026-2030)**</u>

- Систем за управување со знаење за родова еднаквост во ЗЕЛС: ТОТ, прирачници, водичи, документирање на наученото од студиски посети и сл.

**Специфична цел 3: Институционализација на координативната улога и јакнење на координативните капацитети на ЗЕЛС за родова еднаквост на локално ниво**

Институционализацијата се дефинира како процес во кој определена пракса станува регуларна за да се опишува како институционализирана, прифатена и практикувана од секого, секогаш и секаде. Механизмот за родова интеграција на локално ниво се состои од комисиите за еднакви можности и координаторите за еднакви можности. Во некои општини има и пракса за воспоставување на интер-секторски групи за родова еднаквост кои имаат улога да

воведуваат родова перспектива во креирањето на локалните политики и буџети. Но, улогата на овој локален механизам за родова еднаквост не е институционализирана. ЗЕЛС се заложува да развие механизми, документи и процедури преку кои ќе се институционализира координативната улога и ќе се зајакнат координативните капацитети на ЗЕЛС за родова еднаквост на локално ниво.

**<u>Краткорочни резултати (2018-2022)</u>**

- Усвоен опис на работата на КЕМ на локално ниво
- Систематизација на работно место координатор за еднакви можности на локално ниво
- Правилник за работа на РГ за родова еднавост при ЗЕЛС со општините на полето на родова еднаквост
- Програма за работа на РГ при ЗЕЛС на полето на родова еднаквост
- Родово одговорен буџетски циркулар за локално ниво

**<u>Среднорочни резултати (2022-2026)</u>**

- Развиено координативно тело за родова еднаквост на локално ниво
- Протоколите и листите за проверка за родова интеграција при партиципативно носење одлуки и буџети се дел од статутите на ЛС

**<u>Долгорочни резултати (2026-2030)</u>**

- Координативно тело за родова еднаквост составено од координатори за еднакви можности во установите и организациите кои доставуваат услуги на локално ниво е оперативно

**Специфична цел 4: Воспоставување механизми за унапредување на координација за спроведување на националната политика за родова еднаквост**

Како посредник во дијалогот и соработката меѓу централната власт и општините, ЗЕЛС се заложува да ја унапреди координацијата на спроведување на националната политика за родова еднаквост, но и да лобира и застапува подобрување на националните политики и пракса застапувајќи ги интересите на членките на ЗЕЛС. Притоа посебно внимание се посветува на воспоставување механизми за координација на спроведувањето на националната политика за родова еднаквост на локално ниво.

**<u>Краткорочни резултати (2018-2022)</u>**

- Координативен механизам – работни групи составени од ЗЕЛС тела и ресорни министерства
- Правилник за родова еднаквост на локално ниво во комуникација и координација со националниот механизам за родова рамноправност

**<u>Среднорочни резултати (2022-2026)</u>**

- Политиките за родова еднаквост на основа на координацијата со националниот механизам за родова еднаквост се усвоени
- Механизам за размена на редовно ажурирани родово релевантни податоци е воспоставен
- Фидбек-механизам

**<u>Долгорочни резултати (2026-2030)</u>**

- Институционализација на комисијата за родова еднаквост на локално ниво –
- Механизмот за вклучување на ЗЕЛС и ЕЛС во процесите на програмирање на претпристапната помош на ЕУ(ИПА) е воспоставен
- Финансиски средства за ЕЛС во делот на социјални услуги/ инвестиции/ капитални проекти зголемени за 20%
- Механизам за координација со КЕМ на Собрание на РМ

